тој веднаш се покорувал. Главна цел на овие навлегувања, според авторот, било ограбувањето. Но, веќе кон крајот на XII век, великиот жупан Стефан Немања, повторно користејќи ја зафатеноста на Византија, ја освоил Северна Македонија со Скопје. Иако, таа состојба не траела долго, очигледно е настојувањето на Немања, освоените територии во Македонија да ги присоедини кон својата држава, што и го сторил. Во последната деценија на XII век, авторот зборува и за бугарските навлегувања (1195-1196), по долината на реката Струма, што претставувале опасност физички да се прекине сувоземниот контакт на Византија со Македонија и Албанија.

Ова дело на М. Бошкоски дава ценет придонес во развојот на македонската историографија, правејќи обид, на едно место, да се презентираат податоци за надворешните навлегувања во Македонија и тоа во еден конкретен временски период од два века, кога била под византиска власт. Поделбата на текстот по глави е добро направена, а мошне се значајни и некои хронолошки и топономастички прецизирања кои ги дава авторот. Единствено што може да му се забележи, е употребата на некои несоодветни термини (Бошњаци). Инаку, оваа монографија, во која е разработена интересна тематика од подалечното минато на Македонија, сигурно ќе предизвика внимание и интерес не само кај истражувачите - медиевисти, туку и кај пошироката јавност.

Тони ФИЛИПОСКИ

## Ванчо Ѓорѓиев, ПЕТАР ПОП АРСОВ - ПРИЛОГ КОН ПРОУЧУВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНООСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ, Матица македонска, Скопје 1997, 199

Во издание на Матица македонска во 1997 година, од печат излезе монографијата "Петар Поп Арсов" од м-р Ванчо Ѓорѓиев. Трудот содржи 199 страници, а поделен е на десет глави, во кои авторот го обработува животот и национал-револуционерната активност на Петар Поп Арсов.

Во првата глава "Растеж" авторот ни дава краток опис на родниот крај на Петар Поп Арсов, Азот, како и попрецизни податоци, од досега познатите, за школувањето на нашиот револуционер. Авторот го опишува учеството на Поп Арсов во ученичките бунтови во Солунската гимназија, во 1885 и 1888 година. Во последниов бунт, Петар Поп Арсов, заедно со Даме Груев, е еден од организаторите на бунтот и затоа е исклучен од гимназијата. Ѓорѓиев, исто така, го проследува школувањето на Петар Поп Арсов во Белград каде што доаѓа до ново разочарување на младиот богомилчанец, но сега од обидите за србизација на младите Македонци.

Втората глава е насловена "Во потрага по сопствениот идентитет", и во неа авторот говори за студиите на Петар Поп Арсов на Филолошкиот факултет во Софија и неговата активност за основање на Македонското студентско друштво, кое имало за цел и издавање на списание, кое ќе се спротистави "не само на турскиот терор, туку и на туѓите пропаганди, кои го цепат народот на Срби, Бугари и Грци." Според Ѓорѓиев, МСД е основна клетка, од која израснала Младата македонска книжевна дружина. Оваа глава ја опфаќа и ангажираноста на Петар Поп Арсов околу списанието "Лоза". Во двобројот 3-4, Петар Поп Арсов, го објавил расказот "На Мокров" и во него, како што нагласува авторот, цели 11 години пред Мисирков, за

меките македонски консонанти ја употребил формата на графеми. Ѓорѓиев добро забележал дека активноста на Поп Арсов и Лозарите, ја вознемирила бугарската влада, што довело до забрана на "Лоза" и растурање на ММКД.

Во третата глава "Себенаоѓање", авторот ни ја претставува работата на Петар Поп Арсов, како професор во Скопје и неговото запознавање со дејноста на митрополитот Теодосиј, која влијаела врз зацврстувањето на антиегзархискиот и антибугарскиот став кај младиот Петар. Назначувањето за професор во Солунската гимназија, во учебната 1893/94 година, на Поп Арсов му донело шанса повторно да се сретне со Даме Груев и да земе учество во основањето на МРО, кое му донесе посебно место во македонската историја. Авторот пишува и за активноста на Поп Арсов околу составувањето на првиот нацрт-устав на МРО. Ѓорѓиев смета дека засега не може со сигурност да се тврди дали нацртуставот бил целосно прифатен или претрпел измени. Посебно внимание во оваа глава, авторот, посветува и на брошурата "Стамболштината во Македонија" која била напишана од Петар Поп Арсов.

Четвртата глава е насловена "Револуционерни чекорења". Петар Поп Арсов, како професор во Солунската гимназија, ги пропагирал идеите на штотуку создадената МРО, меѓу вработените и учениците. Заради своите антиегзархиски идеи во 1894/95 година, Поп Арсов, не добил работа во гимназијата, но останал во Солун како придружник на Иван Хаџиниколов. Во оваа глава, Ѓорѓиев, посветува внимание на борбата на Поп Арсов против српската пропаганда во Азот. Според авторот, Поп Арсов по консултацијата со ЦК на МРО, ја прифаќа егзархиската понуда за негово ангажирање во борбата со српската пропаганда во неговиот роден крај, со цел истовремено да агитира во полза на револуционерната организација. Престојот на Петар Поп Арсов во родниот крај му овозможил на истиот, за време на велигденските празници 1895 година, да се сретне со Гоце Делчев. Ѓорѓиев пишува и за активноста на Поп Арсов во Прилеп, каде што бил назначен за претседател на месниот комитет на МРО, како и за неговото учество на Солунскиот конгрес во април 1896 година.

Во петтата глава "Страдалнички години" може да ја проследиме активноста на Петар Поп Арсов во Штип каде, како и во Прилеп, бил претседател на месниот комитет. Избивањето на Виничката афера доведува до голем османлиски терор. Авторот дава бројка од можеби над 600 уапсени, а не 528 како што стои во мемоарот на МРО. Причина за ова, според Ѓорѓиев, било наизменичното апсење и ослободување. Како резултат на оваа афера, Петар Поп Арсов бил осуден, во јули 1898 година, на 101 година затвор и бил испратен во Подрумкале, на издржување на казната. Тешките и нечовечки услови во затворот воопшто не влијаеле на идеалите на нашиот револуционер. Солунската провала од 1901 година, довела до нов бран апсења на македонски револуционери кои биле испратени во Подрумкале. Ѓорѓиев пишува за поделбата до која дошло, на идејно-политички и стратегиско-тактички план, помеѓу Матов, Татарчев и Развигоров од една, и Поп Арсов, Мирасчиев и Хаџиниколов од друга страна.

"Бури и превирања" е насловот на шестата глава од оваа монографија. Периодот, кој е опфатен со оваа глава, наполно одговара со насловот на истата. Петар Поп Арсов, по ослободувањето од издржување на казната, се вратил во Македонија, но одбил да учествува на советувањето, во септември 1902 година, кое било свикано од страна на Иван Гарванов. Ѓорѓиев смета дека за ваквата одлука на Поп Арсов влијаело неговото несогласување со Гарванов. Петар Поп Арсов не зел активно учество во Илинденското востание зошто бил уапсен по повод Солунските атентати, а властите го ослободиле еден ден пред почетокот на истото. Авторот, во

оваа тематска целина, ја прикажува дејноста на Поп Арсов во поилинденскиот период и ја истакнува неговата популарност и влијание во редовите на организацијата во време на расцеп и поделба во истата.

Во седмата глава “Зад границата”, Ѓорѓиев пишува за одржувањето на Рилскиот конгрес, односот на ВМОРО кон врховистите, за акциите на организацијата за собирање на пари, кои биле организирани од Ѓ. Петров, П. Поп Арсов и Д. Стефанов. Поделбите во организацијата довеле и до несогласување меѓу Петров и Поп Арсов околу Сарафов. Во овој дел од монографијата, авторот пишува и за активностите на Поп Арсов околу одржувањето на вториот редовен конгрес на ВМОРО и неговото несогласување со, како што пишува Ѓорѓиев, конзервативното крило на организацијата. Петар Поп Арсов бил жесток критичар на испраќањето чети во Македонија.

Состојбата во Македонија пред Младотурската револуција, во текот на истата и на формирањето на МОРО, се еден дел од “Нови надежи”, која е осма глава на оваа монографија. Авторот ја проследува дејноста на Поп Арсов во бурните месеци на револуцијата, неговото залагање за подобрување на положбата на македонскиот народ, во рамките на новонастанатата ситуација. Опасноста од пропагандите на соседните држави на Македонија, не се намалила ни со промените кои се случиле во османлиската држава. Таа опасност придонела Поп Арсов да се здобие со идеја за отворање на Висока педагошка школа во Скопје со статус на државен факултет, со цел, како што наведува авторот, да се спречи денационализаторската политика на Бугарија. Во оваа глава може да го проследиме и неуспешниот обид на Поп Арсов да стане пратеник во парламентот, како член на опозицијата, но Ѓорѓиев констатира дека тоа е резултат на режираните избори, иако истакнатиот македонски револуционер освоил најголем број на гласови од сите кандидати на опозицијата.

Деветтата глава, насловена како “Низ македонските судбини”, ја третира дејноста на Петар Поп Арсов за време и по Балканските војни. Авторот правилно го поврзува негативниот однос на српската власт во Велес кон нашиот револуционер, со неговата борба против големосрпската пропаганда во Азот. Петар Поп Арсов е иницијатор за одржување на семакедонскиот собир во Велес, на кој било решено да се испрати делегација на конференцијата во Лондон, која би ги изложила македонските ставови. Поделбата на Македонија длабоко го разочарала Поп Арсов како и сите Македонци. Авторот пишува и за надежите, кои ги гаел овој македонски револуционер од Париската мировна конференција, но и тие не се оствариле.

Десеттата и последна глава “Време на молчење”, ни дава приказ за дејноста на Поп Арсов во Бугарија, по завршувањето на Првата светска војна, неговата поврзаност со македонскиот литературен кружок во Софија и за крајот на неговиот живот, кој бил посветен на остварувањето на македонска државна и национална самостојност.

На крајот од монографијата е даден преглед на необјавениот и објавениот архивски материјал, како и стручната литература, од што може да се констатира дека Ванчо Ѓорѓиев, студиозно ја подготвил истата.

Далибор ЈОВАНОВСКИ